Врз основа на чл. 31 и 32 ст. 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2010), Основачите на Фондацијата Метаморфозис, на ден 16.01.2012 година во Скопје, го донесоа следниот пречистен текст на:

# СТАТУТ
# на
# Фондацијата
# за интернет и општество
# Метаморфозис Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**НАЗИВ И СЕДИШТЕ**

### Член 1

Името на Фондацијата во правниот промет е **Фондација за интернет и општество Метаморфозис** Скопје

Скратеното име на Фондацијата е **Метаморфозис** Скопје

Во комуникација со странство, Фондацијата ќе го користи англискиот превод на името напишано на латинично писмо, кој гласи **Metamorphosis Foundation for Internet and Society**.

Скратеното име кое Фондацијата ќе го користи во комуникација со странство е **Metamorphosis**.

### Член 2

Седиштето на Фондацијата е во Скопје, на ул. Апостол Гусларот 40.

Фондацијата може да го промени своето седиште со одлука на Основачите.

### Член 3

Фондацијата ќе ги спроведува своите активности на територијата на Република Македонија и надвор од неа.

### Член 4

Фондацијата има свој знак, кој го определува Управниот одбор на Фондацијата.

Фондацијата има свој печат и штембил. Печатот на Фондацијата е со кружна форма, а штембилот на Фондацијата е со правоаголна форма. Текстот на печатот и на штембилот е испишан со кирилично и латинично писмо.

## СТАТУС НА ФОНДАЦИЈАТА

### Член 5

Фондацијата е независна, непрофитна, непартиска и хуманитарна организација и се основа на неопределено време.

### Член 6

Фондацијата е правно лице, својство со кое се здобива од денот на уписот во Регистарот на фондации, кој се води во Централниот регистар на Република Македонија .

### Член 7

Фондацијата во правниот промет со трети лица има права, обврски и одговорности утврдени со закон и со овој статут.

### Член 8

Фондацијата одговара за своите обврски со целиот свој имот.

Фондацијата може да се задолжува и за долговите одговара со целиот свој имот.

### Член 9

Фондацијата дејствува на територијата на Република Македонија и странство.

Фондацијата може да биде член на други сродни домашни или меѓународни сојузи на здруженија на граѓани и фондации или други форми на здружување на фондации и здруженија на граѓани за подобрување на делумните или општите интереси во областа во која тие делуваат и истотака, за постигнување на нивните цели од заеднички интерес.

Фондацијата може да формира и организациски единици (подружници, канцеларии и слично) кои немаат својство на правни лица.

## ЦЕЛИ И ДЕЈНОСТИ

### Член 10

Цели на Фондацијата се:

- Развој на демократијата и просперитет, преку промоција на општество базирано на знаење
- Промоција на употребата на информациските и комуникациските технологии како соодветно средство за развој на отвореното општество

**Член 11**

Заради остварување на целта, Фондацијата:

- доделува донации, заеми и други видови финансиска поддршка, еднократно или повеќекратно, на физички и правни лица кои спроведуваат активности во областите утврдени со овој статут во согласност со целта на Фондацијата;
- Спроведува проекти и програми во сите области каде што се применуваат информациските и комуникациските технолгии;
- Иницира процеси за унапредување на општественото окружување за развој на општество базирано на знаење;
- Обезбедува конкретни информациски, комуникациски и технолошки решенија за зголемување на е-инклузијата, како и за намалување на дигиталниот и содржинскиот јаз;
- Развива стратегии и политики за примена на информациските и комуникациските технологии; и
- учествува во градење јавно мислење и во креирање политики, согласно Законот за здруженија и фондации;

**Член 12**

Фондацијата ги врши сите дејности утврдени со Националната класификација на дејности, освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган.

Дејностите кои ќе ги обавува Фондацијата за остварување на своите цели се:

94.99 Дејности на останати организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

**Член 13**

Фондацијата може да соработува и да членува во други домашни и меѓународни организации (сојузи, здруженија, фондации, други правни лица итн.) чии интереси и активности се во согласност со целта на Фондацијата.

Соработката од став 1 од овој член може да вклучи застапеност и учество на претставници на Фондацијата во органите на други здруженија и фондации, односно други форми на здружување.

**ОСНОВАЧИ**

**Член 14**

Основачите на Фондацијата:

- го донесуваат Статутот на Фондацијата и измените и дополнувањата на истиот;
- ги именуваат и разрешуваат членовите на Управниот одбор, претседателот на Управниот одбор и Извршниот директор на Фондацијата;
- одлучуваат за промена на целите на Фондацијата и ги определуваат основните насоки на активностите на Фондацијата;
- одобруваат предлози на Управниот одбор за основање или за учество во основањето други правни лица;
- донесуваат одлука за статусни измени или за престанок со работа на Фондацијата во согласност со закон;
- ги одобруваат или одбиваат стратегиите, буџетите и финансиските извештаи доставени од страна на Управниот одбор и Извршниот директор; и
- одлучуваат за спроведување финансиска ревизија во Фондацијата.

Основачите имаат право да бараат и да вршат увид во документите поврзани со користењето на средствата на Фондацијата.

Основачите може целосно или делумно и постојано или привремено да делегираат некое од своите дискрециони права наведени во овој статут на Управниот одбор или на Извршниот директор на Фондацијата.

Основачи на фондацијата се:
1.Бардил Јашари од Тетотво, ул. Јане Сандански бр.63-15, Тетово со ЕМБГ 1810971470041.

2. Филип Стојановски од Скопје, ул. Миладин Поповиќ бр.4А-6, со ЕМБГ 0406974450069
3. Горан Шлакески, ул. Дане Крапчев бр.23-6, Скопје со ЕМБГ 1802973440015

**ИМОТНА МАСА**

**Член 15**

Имотната маса на Фондацијата претставува паричен влог од 10.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на поднесување на овој статут за запишување во Централниот регистар на Република Македонија.

## ОРГАНИ

***Управен одбор***

**Член 16**

Управниот одбор на Фондацијата е составен од пет члена, од кои еден е претседател.

Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува и разрешуваат Основачите на Фондацијата.

Претседателот и членовите на Управниот одбор за својата работа одговараат пред Основачите.

**Член 17**

Претседателот и останатите членови на Управниот одбор се именуваат со мандат од две години, со можност да бидат именувани за уште еден двогодишен мандат, со одлука на Основачите. Мандатот на претседателот и секој член на Управниот одбор е поединечен и тече од моментот на неговото именување од страна на Основачите.

Секој член на Управниот одбор може да биде сменет во секое време и од која било причина, со одлука на Основачите и во согласност со овој статут.

**Член 18**

Управниот одбор одржува седници најмалку четири пати годишно.

Седница на Управниот одбор свикува претседателот на Управниот одбор, на негова иницијатива, на иницијатива на директорот или врз основа на барање на кој и да е член на Управниот одбор.

Претседателот свикува седница на Управниот одбор со писмено известување по обична или електронска пошта до сите членови на Управниот одбор.

Секој член на Управниот одбор може да предложи дополнување на дневниот ред на седницата на Управниот одбор пред прифаќањето на дневниот ред. Дефинитивниот дневен ред се усвојува како прва точка на седницата на Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор претседава со седниците на Управниот одбор.

Во случај на отсуство на претседателот, со седниците на Управниот одбор претседава членот на Управниот одбор определен од претседателот.

**Член 19**

Членовите на Управниот одбор може да учествуваат во работата на Управниот одбор и да донесуваат одлуки без одржување седница или без присуство на претседателот или кој и да е член на Управниот одбор (одлучување без присуство).

При одлучувањето без присуство, претседателот и/или членовите се изјаснуваат преку телефонска конференција, со потпишување на актот по електронски пат или на друг соодветен начин.

При изјаснување за одлука која може да донесе материјална корист на некој член на Управниот одбор лично, или на неговиот брачен другар или роднина до второ колено, членот на Управниот одбор не учествува во одлучувањето.

**Член 20**

Управниот одбор одлучува за сите прашања во негова надлежност со мнозинство од вкупниот број членови присутни на седницата, ако е постигнат кворум.

Кворумот за седница на Управниот одбор е обезбеден доколку најмалку половина од членовите на Управниот одбор присуствуваат на седницата.

Одлуките на Управниот одбор се објавуваат во писмена форма и се потпишани од претседателот на Управниот одбор или, во случај на отсуство на претседателот, од членот на Управниот одбор определен од него.

**Член 21**

Управниот одбор е надлежен за:

- донесување стратегија и буџет на Фондацијата и нивно поднесување до Основачите на одобрување;
- советување на Основачите во дефинирањето на основните насоки на активностите на Фондацијата;
- донесување внатрешни правилници на Фондацијата;
- поднесување предлози за именување или разрешување членови на Управниот одбор на одобрување до Основачите;
- одлучување за спроведување ревизија на финансиите на Фондацијата, под услов Основачите во рок од шест месеци од завршувањето на календарската година да не одлучиле да се спроведе ревизија;
- барање и добивање документи и појаснувања од Извршниот директор или од кој било вработен во Фондацијата, во врска со кој било аспект на активностите на Фондацијата;
- надгледување, следење и контрола на работата и активностите на Фондацијата;
- одобрување или одбивање да се додели секаков вид неповратни средства (донации) или други форми на финансиска и материјална помош обезбедена од Фондацијата;
- одобрување или одбивање трансфер на имотот и правата на Фондацијата во каква било форма;
- одобрување или одбивање на буџетите, вклучувајќи ги и буџетите за административни трошоци, донации и проекти оперативно водени од Фондацијата;
- одобрување или одбивање финансиски и други извештаи и нивно поднесување до Основачите на разгледување;
- одлучување за формирање подружници и канцеларии на Фондацијата;

- поднесување препораки до Основачите за статусни измени или за престанок на работата на Фондацијата, или за учество во основање друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва;
- поднесување предлози до Основачите за измени и дополнувања на  статутот;
- определување на знакот на Фондацијата; и
- донесување други одлуки во врска со активностите на Фондацијата, освен одлуките кои се во исклучива надлежност на Основачите.

**Член 22**

Секој член на органите на Фондацијата има право да бара и да врши увид во документите во врска со користењето на средствата на Фондацијата.

**Член 23**

Членовите на Управниот одбор добиваат надомест за нивните активности како членови на Управниот одбор.

Управниот одбор може целосно или делумно и постојано или привремено да му делегира некоја од своите надлежности наведени во овој статут на претседателот на Управниот одбор или на  директорот на Фондацијата.

Членови на Управен одборот се:

1. Фани Каранфилова-Пановска од Скопје, ул.29. ноември бр.13/1-8 Скопје, ео ЕМБГ 2109974455063
2. Валентина Гечевска од скопје, ул. Атинска бр.1/3-18, Скопје, со ЕМБГ 0909965455084
3. Антоанета Иванова од Скопје, ул.Доситеј Обрадовиќ бр.14/1-13 Скопје, со ЕМБГ 2703979455117
4. Рефет Абази од Скопје, ул.Никола Мартиновски бр.41 Скопје , со ЕМБГ 1701964470040
5. Афродита Гоцевска од Скопје, ул.Народен фронт бр.25-18 скопје, со ЕМБГ 2410974455014

Претседател на Управниот одбор е лицето Фани Каранфилова-Пановска

***Директор***

**Член 24**

Со Фондацијата раководи директор.

За директор може да се назначи деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на РМ.

За директор на фондацијата се назначува лицето:

Бардил Јашари од Тетово, ул.Јане Сандански бр.63-15, со ЕМБГ 1810971470041.

**Член 25**

Директорот ја застапува Фондацијата во согласност со законот, статутот и актите на фондацијата.

Директорот донесува одлуки во врска со сите работи поврзани со тековните активности на Фондацијата, освен одлуките кои се во надлежност на Основачите и на Управниот одбор на Фондацијата, во согласност со закон и со овој статут.

**Член 26**

Директорот ги има следните надлежности:

- ја води Фондацијата и ја насочува нејзината политика, вклучувајќи ја програмската, финансиската и политиката на вработување во согласност со политиките и регулативите на Основачите, Статутот и интерните регулативи на Фондацијата;
- го организира и управува со работењето, програмите и активностите на Метаморфозис во координација со вработените и со Управниот одбор;
- склучува и извршува договори, презема обврски, говори во името на Фондацијата, ја претставува и застапува во јавноста и пред правни и физички лица;
- го советува Управниот одбор за прашања кои тој треба да ги разгледа, заедно со претседателот на Управниот одбор ги планира состаноците, ги известува Основачите за одлуките на Управниот одбор и подготвува информации за состаноците на Управниот одбор, учествува во работата на Управниот одбор без право на глас;
- ги одобрува сите финансиски трансакции;
- ги подготвува годишните стратегии и буџети во соработка со Управниот одбор и со помош на вработените;
- ги вработува, организира, надгледува, оценува и отпушта вработените;
- може целосно или делумно и постојано или привремено да делегира некоја од своите надлежности наведени во овој статут на некој од вработените во Метаморфозис.

## <u>НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА</u>

**Член 27**

Заради остварување на своите цели и спроведување на своите активности, Фондацијата може да се здобива со имот, парични средства и имотни права од следниве извори: донации од Основачите и други донации од физички и правни лица; приходи од активностите на Фондацијата, кои се во согласност со закон и со овој статут; прилози, подароци, тестаменти, легати, добротворни кампањи; лицитации, продажба на имот, кирии, закупнини, камати; дејности со кои се стекнува добивка; добивка на трговските друштва,

кои Фондацијата ги основала со сопствени средства; средства од Буџетот на Република Македонија и други извори на финансирање во согласност со закон.

Средствата кои се стекнати во согласност со став 1 од овој член се сопственост на Фондацијата.

Вишокот на приходите над расходите остварен преку активностите на Фондацијата не смее да биде распределен на ниедно лице и мора да биде употребен исклучиво за остварување на целите и активностите на Фондацијата.

**Член 28**

Финансиската година се совпаѓа со календарската година.

Висината и начинот на распределба на средствата на Фондацијата се утврдуваат секоја година со планираниот буџет, а врз основа на годишната стратегија.

Буџетот го усвојува Управниот одбор на предлог на директорот.

Буџетот за секоја наредна година се донесува на крајот на тековната календарска година.

**Член 29**

Претседателот, членовите на Управниот одбор, како и директорот и вработените во Фондацијата имаат обврска да водат сметка за спречувањето судир на интереси во работата на Фондацијата.

Правилата за спречување судир на интереси во работата на Фондацијата се уредуваат со внатрешен правилник, кој го донесува Управниот одбор на Фондацијата во согласност со регулативите на Основачите.

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕ

**Член 30**

Работата на Фондацијата е јавна.

**Член 31**

Органите на Фондацијата се обврзуваат да обезбедат систем на информирање на јавноста.

Јавноста во работењето на Фондацијата се остварува преку објавување на актите на Фондацијата на соодветен начин во согласност со овој статут.

Фондацијата може да издава периодични публикации заради остварување и промовирање на целите и активностите.

Годишните извештаи и тековните активности од работењето ќе бидат објавувани на веб-локацијата на Фондацијата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

## ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 32**

Фондацијата престанува да постои:

- доколку е донесена одлука за престанок на постоење во согласност со овој статут;
- во случај на стечај;
- доколку е донесена одлука на надлежен суд за престанок на постоењето; и
- во некој друг случај предвиден со закон.

Основачите на Фондацијата имаат право да донесат одлука за престанок на постоење на Фондацијата.

Во случај на престанок на постоење на Фондацијата, по намирување на обврските спрема други правни субјекти од имотот на Фондацијата, основачите, во согласност со закон, донесува одлука за пренесување на средствата што останале на организации со слични цели и активности.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 33**

Овој статут влегува во сила на денот на уписот на усогласувањето во Регистарот на фондации при Централниот регистар на Република Македонија.

Основачи:
1. Бардил Јашари
2. Филип Стојановски
3. Горан Шлакески

Pursuant to Article 31 and 32, paragraph 1 of the Law on Associations and Foundations ("Official Gazette of the Republic of Macedonia" no. 52/2010), the Founders of the Metamorphosis Foundation adopted the following revised text on January 16, 2012 in Skopje:

# STATUTE
# of the
# Metamorphosis
# Foundation for Internet and Society Skopje

## GENERAL PROVISIONS

### NAME AND ADDRESS

#### Article 1

The name of the Foundation in legal transactions is **Metamorphosis Foundation for Internet and Society** Skopje
The short name of the Foundation is **Metamorphosis** Skopje.
When communicating with foreign entities, the Foundation will use the English translation of its name written in Latin alphabet: **Metamorphosis Foundation for Internet and Society**, or its short name **Metamorphosis.**

#### Article 2

The Foundation is based in Skopje, str. Apostol Guslarot 40.
The Foundation may change its address with a decision of the Founders.

#### Article 3

The Foundation shall conduct its activities in the Republic of Macedonia and abroad.

## Article 4

The Foundation has its own logo, determined by the Executive Board of the Foundation. The Foundation has its own stamp and seal. The stamp of the Foundation is round, and the seal of the Foundation is in a rectangular form. The text of the stamp and the seal is written in both a Cyrillic and Latin alphabet.

## STATUS OF THE FOUNDATION

## Article 5

The Foundation is an independent, nonprofit, nonpartisan and humanitarian organization and is established for an indefinite period of time.

## Article 6

The Foundation is a legal entity, an attribute which it acquires on the day of entry in the Register of Foundations, in the Central Register of the Republic of Macedonia.

## Article 7

In its legal transactions with third parties, the Foundation has rights, obligations and responsibilities stipulated by law and with this statute.

## Article 8

The Foundation is responsible for its obligations with its entire property. The Foundation may be indebted and is liable for the debts with its entire property.

## Article 9

The Foundation operates in the Republic of Macedonia and abroad. The Foundation may be a member of other related domestic and international unions of citizens' associations and foundations or other forms of association of foundations and citizens' associations in order to improve the partial or general interests in the area in which they operate and to achieve their goals of mutual interest.
The Foundation may also establish organizational units (branches, offices, etc.) which are not legal entities.

## GOALS AND ACTIVITIES

### Article 10

Goals of the Foundation:

• Development of democracy and prosperity by promoting a knowledge-based society
• Promotion of the use of information and communication technologies as an appropriate means for development of an open society

### Article 11

In order to achieve its goal, the Foundation:

• Allocates grants, loans and other kinds of financial support, whether single or multiple, to physical and legal entities conducting activities in the areas defined with this statute and in accordance with the goal of the Foundation;
• Implements projects and programs in all areas where information and communication technologies are applied;
• Initiates processes for improvement of the social environment for development of a knowledge-based society;
• Provides specific information, communication and technology solutions for increasing e-inclusion, and for reducing the digital and content divide;
• Develops strategies and policies for application of the information and communication technologies, and
• Participates in building public opinion and policy creation, in accordance with the Law on Associations and Foundations;

### Article 12

The Foundation conducts all the activities defined with the National Classification of Activities, except those that require consent, permission or another act of a public authority or another competent authority.

In order to achieve its goals, the Foundation shall conduct the following activities:

94.99 Activities of other organizations based on membership, not mentioned elsewhere.

## Article 13

The Foundation may cooperate with and participate in other domestic and international organizations (unions, associations, foundations, other legal entities, etc.) whose interests and activities are consistent with the goal of the Foundation.

Cooperation under paragraph 1 of this Article may include representation and participation of the Foundation’s representatives in the bodies of other associations and foundations, i.e. in other forms of association.

## FOUNDERS

## Article 14

Founders of the Foundation:

• adopt the Statute of the Foundation and its amendments;
• appoint and dismiss the members of the Executive Board, the president of the Executive Board and the Executive Director of the Foundation;
• decide to change the goals of the Foundation and determine the basic directions for the activities of the Foundation;
• approve the proposals of the Executive Board to establish or participate in the founding of other legal entities;
• make decisions on status changes or termination of operations of the Foundation in accordance with the law;
• approve or reject strategies, budgets and financial reports submitted by the Executive Board and the Executive Director, and
• decide about conducting a financial audit in the Foundation.

The founders have the right to ask for and inspect documents related to the use of funds of the Foundation.

The Founders may completely or partially and permanently or temporarily delegate some of their discretionary rights listed in this Statute to the Executive Board or to the Executive Director of the Foundation.

Founders of the Foundation:

1. Bardhyl Jashari from Tetotvo, str. Jane Sandanski 63-15, Tetovo,
single identification number 1810971470041

2. Filip Stojanovski from Skopje, str. Miladin Popovic 4A-6,
single identification number 0406974450069

3. Goran Shlakeski, str. Dane Krapcev 23-6, Skopje,
single identification number 1802973440015

**FOUNDING CAPITAL**

### Article 15

The founding capital of the Foundation is a deposit of 10,000 euros in denar countervalue under the NBRM average exchange rate on the day of submission of this statute for entry in the Central Register of the Republic of Macedonia.

**ORGANS**

***Executive Board***

### Article 16

The Executive Board of the Foundation consists of five members, one of which is the president. The president and the members of the Executive Board are appointed and dismissed by the Founders of the Foundation.
The president and the members of the Executive Board are accountable for their work before the founders.

### Article 17

The president and the other members of the Executive Board are appointed for a two-year term, with an opportunity to be appointed for another two-year term by a decision of the Founders. The mandate of the president and each of the Executive Board members is individual and becomes valid from the moment of their appointment by the

Founders.
Each Executive Board member may be replaced at any time and for any reason, with a decision of the Founders and in accordance with this statute.

**Article 18**

Executive Board sessions are held at least four times a year.
An Executive Board session is convened by the president of the Executive Board, upon his own initiative, upon the initiative of the director or upon request of any board member.
The president convenes a session of the Executive Board with a written notification by regular or electronic mail sent to all members of the Executive Board.
Each board member may propose amendments to the agenda of the Executive Board session before accepting the agenda. The final version of the agenda is adopted as the first point of the Executive Board session.
The president of the Executive Board presides over meetings of the Executive Board.
In the absence of the president, the meetings of the Executive Board are chaired by an Executive Board member designated by the president.

**Article 19**

Executive Board members may participate in the work of the Executive Board and make decisions without holding a session or without the presence of the president or any other member of the Executive Board (deciding without being present).
When deciding without being present, the president and/or members may vote through a telephone conference, by signing the act electronically or by using any other suitable method.
When voting on a decision that may result with material benefit for any of the board members, his/her spouse or a relative up to second step of kinship, the board member does not participate in the decision making.

**Article 20**

The Executive Board decides on all matters within its jurisdiction with the majority of the total number of members present at the meeting, if a quorum has been reached. A quorum for a session of the Executive Board is reached if at least half of the Executive Board members are attending the session.

The decisions of the Executive Board are published in writing and signed by the president of the Executive Board or, if the president is absent, they are signed by the Executive Board member designated by the president.

## Article 21

The Executive Board is responsible for:

• adopting the strategy and budget of the Foundation and submitting them to the Founders for approval;

• advising the Founders in defining the basic directions for the activities of the Foundation;

• adopting internal rulebooks of the Foundation;

• submitting proposals for appointing or dismissing members of the Executive Board to be approved by the Founders;

• deciding to conduct a financial audit of the Foundation’s funds, provided that the Founders have not decided to conduct an audit within six months from the end of the calendar year;

• requesting and obtaining documents and clarifications from the Executive Director or from any employee of the Foundation, related to any aspect of the activities of the Foundation;

• supervision, monitoring and control of the Foundation’s work and activities;

• approving or refusing to allocate any kind of irretrievable funds (donations) or any other forms of financial and material assistance provided by the Foundation;

• approving or rejecting transfer of the property and rights of the Foundation in any form;

• approving or rejecting the budgets, including the budgets for administrative costs, donations and operationally managed projects by the Foundation;

• approving or rejecting financial and other types of reports and submitting them for review to the Founders;

• deciding to establish branches and offices of the Foundation;

• submitting recommendations to the Founders for status changes or for termination of the Foundation’s work, or for participation in the founding of limited liability companies or joint stock companies;

• submitting proposals to the Founders for amendments to the statute;

• determining the logo of the Foundation, and

• making other decisions related to the Foundation’s activities, except for decisions under the exclusive competence of the Founders.

## Article 22

Each member of the organs of the Foundation has the right to request and to inspect documents related to the use of the funds of the Foundation.

## Article 23

The Executive Board members receive compensation for their activities as members of the Executive Board.
The Executive Board may completely or partially and permanently or temporarily delegate any of its competences listed in this statute to the president of the Executive Board or to the Director of the Foundation.

Members of the Executive Board:

1. Fani Karanfilova-Panovska from Skopje, str. 29 noemvri 13/1-8 Skopje, single identification number 2109974455063
2. Valentina Gecevska from Skopje, str. Atinska 1/3-18, Skopje, single identification number 0909965455084
3. Antoaneta Ivanova from Skopje str. Dositej Obradovic 14/1-13 Skopje, single identification number 2703979455117
4. Refet Abazi from Skopje, str. Nikola Martinovski 41, Skopje, single identification number 1701964470040
5. Afrodita Gocevska from Skopje, str. Naroden Front 25-18 Skopje, single identification number 2410974455014

Ms. Fani Karanfilova-Panovska is the president of the Executive Board.

## ***Director***

## Article 24

The Foundation is managed by a director.
A work capable individual may be appointed as a director, with residence in the Republic of Macedonia.

Appointed director of the Foundation:
Bardhyl Jashari from Tetovo, str.Jane Sandanski 63-15, single identification number 1810971470041

## Article 25

The Director represents the Foundation in accordance with the law, the statute and the acts of the Foundation.
The Director makes decisions regarding all matters related to the ongoing activities of the Foundation, except the decisions which are the responsibility of the Founders and the Executive Board of the Foundation, in accordance with this law and this statute.

## Article 26

The Director has the following responsibilities:

- manages the Foundation and directs its policies, including the program, financial and employment policies in compliance with the policies and regulations of the Founders, the Statute and the internal regulations of the Foundation;
- organizes and manages the operations, programs and activities of Metamorphosis in coordination with the staff and the Executive Board;
- signs and executes agreements, has obligations, speaks on behalf of the Foundation, represents the foundation before the public and the legal and physical entities;
- advises the Executive Board on issues that it should consider, plans meetings together with the President of the Executive Board, notifies the Founders about the decisions of the Executive Board, and prepares information for the meetings of the Executive Board, participates in the work of the Executive Board without the right to vote;
- approves all financial transactions;
- prepares annual strategies and budgets in collaboration with the Executive Board and with the help of the staff;
- employs, organizes, monitors, evaluates and dismisses employees;
- may completely or partially or temporarily delegate any of his responsibilities listed in this statute to an employee in Metamorphosis.

**METHODS FOR COLLECTION OF FUNDS**

## Article 27

In order to achieve its goals and implement its activities, the Foundation may acquire property, funds and property rights from the following sources: donations from the Founders and other donations from physical and legal entities, income from the activities of the Foundation, compliant with this law and this statute, contributions, gifts, wills, legates, charitable campaigns, auctions, sales of property, rents, leases,

interests, activities yielding profit, profit of the companies which the Foundation has established with its own funds; funds from the budget of the Republic of Macedonia and other sources of funding in accordance with the law.

Assets acquired in accordance with paragraph 1 of this article are in possession of the Foundation.
The surplus of revenues over expenditures generated through the activities of the Foundation must not be allocated to any person and must be used exclusively for achieving the goals and conducting the activities of the Foundation.

**Article 28**

The financial year corresponds with the calendar year.
The amount and method of allocation of funds of the Foundation are determined each year with the planned budget, based on the annual strategy.
The budget is adopted by the Executive Board, at the proposal of the director.
The budget for each following year is adopted at the end of the current calendar year.

**Article 29**

The president, the Executive Board members and the director and employees of the Foundation have an obligation to prevent conflict of interest in the operations of the Foundation.
The rules for preventing conflict of interest in the work of the Foundation are stipulated in an internal rulebook, adopted by the Executive Board of the Foundation, in accordance with the regulations of the Founders.

## PUBLICITY OF WORK AND INFORMATION

**Article 30**

The work of the Foundation is public.

**Article 31**

The organs of the Foundation are committed to provide a system for informing the public.
The Foundation makes its work public by publishing the Foundation’s acts appropriately and in accordance with this statute.

The Foundation may issue periodic publications in order to accomplish and promote its objectives and activities.
Annual work reports and ongoing activities will be published on the Foundation's website.

## TERMINATION OF THE WORK OF THE FOUNDATION

### Article 32

The Foundation ceases to exist:

- if a decision on termination of existence in accordance with this statute has been made;
- in case of bankruptcy;
- if a competent court has decided to terminate the existence of the foundation, and
- in any other case projected by law.

The Founders of the Foundation are entitled to decide upon the termination of the Foundation's existence.
In case of termination of the existence of the Foundation, after the payment of liabilities to other legal entities from the assets of the Foundation, the founders, in accordance with law, adopt a decision to transfer the remaining funds to organizations with similar goals and activities.

## TRANSITIONAL AND FINAL PROVISIONS

### Article 33

This statute comes into force on the date of entry for compliance in the Register of Foundations in the Central Register of the Republic of Macedonia.

Founders:

1. Bardhyl Jashari ________________

2. Filip Stojanovski ________________

3. Goran Shlakeski ________________